**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1203-266/7**

**Скопје, 23.06.2006 година**

**ДО**
**СУДСКИ БУЏЕТСКИ СОВЕТ**
**СУДСКА ВЛАСТ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Судски буџетски совет- Судска власт (во понатамошниот текст Судска власт), за 2005 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија, и е издаден извештај за финансиските извештаи на Судската власт за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Дане Илиев, претседател на Судски буџетски совет

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 9, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 06.03 до 05.04.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,

   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

*10.* Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1 Не се утврдени критериуми и методологија за изготвување на судскиот буџет за делот на средствата „Судска власт” кои се утврдуваат врз основа на макроекономската политика и проекцијата на макроекономските агрегати за годината за која се донесува буџетот, што е спротивно на член 9 од Законот за судски буџет, поради тоа што разделот Судска власт од буџетот на РМ функционира од 2004 година. Истото влијае за начинот на утврдување на делот на средствата „Судска власт” во буџетот на РМ врз основа на фискалната политика и главните параметри за процена на приходите и трошоците.

**Препорака:**

Судскиот буџетски совет да утврди критериуми врз основа на макроекономските показатели и фискалната политика на РМ за наредната година, дадени во буџетскиот циркулар од Министерство за финансии, а согласно член 9 од Законот за судски буџет.

10.1.2 Не е донесен акт со кој се утврдуваат критериуми за распределбата на средствата од разделот „Судска власт” во буџетот на РМ по единки корисници-судови, што е спротивно на член 9 од Законот за судски буџет и член 26 од Законот за буџетите, поради извршена распределба согласно барањата од единките корисници со предлог пресметките и анализа на реализираните средства во претходната година. Истото влијае да во текот на годината се вршат пренамени на средства по барања од единките корисници.

**Препорака:**

Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на утврдување на критериуми, поради тоа што Судскиот буџетски совет по изготвениот буџет за 2006 година има утврдени и изготвени Критериуми и методологии за распределба на средствата од судскиот буџет на судовите за 2006 година, со напомена дека во овој акт анализата на распределбата е изготвена по согледувањата од функционирање на судскиот буџет, а со почетокот на реформскиот процес на судството во РМ истите можат да претрпат измени и дополнувања.

10.1.3 Измената на програмата за инвестирање во судовите во рамките на одобрениот буџет, изготвена на 30.12.2005 година е направена по изготвувањето на дел од решенијата за обезбедени финансиски средства за капитални расходи во судовите и истата е усвоена по завршување на фискалната година, односно на 18.01.2006 година од страна на Судскиот буџетски совет, поради незапазување на законската регулатива, спротивно на членовите 9 и 11 од Законот за судски буџет. Истото има влијание на вршење измени во делот на инвестициите, пред истите да бидат усвоени од страна на Судскиот буџетски совет.

10.1.4 Со Годишната програма и измена на Годишната програма за инвестирање во судовите во 2005 година, утврдени се износи на средства за инвестиции во одделните судови по потставки и конкретна намена на средствата, при што се одобрени и средства за доградба на Основен суд Прилеп-четврта фаза во вкупен износ од 15.200 илјади денари. Во текот на годината од неискористените средства извршени се исплати во износ од 2.455 илјади денари, кои не се дел од четвртата фаза, но се во рамките на расходната ставка утврдена со буџетот, а се однесуваат на:

- повеќе исплатени средства во износ од 524 илјади денари, за довршување на трета фаза за доградба на Основен суд Прилеп, кои се предвидени за исплата на четврта фаза, поради несоодветно разграничување на трошоците по фази, што е спротивно на член 9 од Законот за судски буџет и има влијание на реалното искажување на инвестицијата во изготвената Програма.
- исплатен надомест за уредување на градежно земјиште за доградба на работните простории на Основен суд Прилеп по фактура од Фонд за комунално уредување-Прилеп, во износ од 1.044 илјади денари, како обврска по договор склучен во 2002 година и фактура за електро енергетски приклучок од АД ЕСМ Електродистибуција Прилеп, во износ од 887 илјади денари, кои не се предвидени како дел од четврта фаза, поради претходно непланирани средства за овие исплати, а со дополнително утврдена потреба од итност за плаќање на истите, што е спротивно на член 9 од Законот за судски буџет и има влијание на реалното искажување на инвестицијата во изготвената Програма.

**Препорака:**

Донесувањето и усвојувањето на Измената на Програмата за инвестирање во судовите да се врши во текот на фискалната година, решенијата за обезбедени средства да се вршат врз основа на истата, а дополнителните и непредвидените работи да се усогласуваат подетално во измените на Програмата за инвестирање во судовите.

10.1.5 Судскиот буџетски совет во текот на 2005 година врши исплата на средства за претплата на службеното гласило Службен весник на РМ и за ангажирање на други субјекти за едукација, како дел од стручното усовршување на судиите, државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите, кои не се во согласност со Програмата за едукација за 2005 година, поради не предвидени средства за истото во Програмата која е изготвена од страна на Здружението на судии на РМ - Центар за континуирана едукација и усвоена од Судскиот буџетски совет. Истото има влијание на целосно презентирање на активностите за едукација, согласно член 4 од Законот за судската власт.

**Препорака:**

Судскиот буџетски совет да донесува Годишна програма за стручно усовршување на судиите, државните службеници, судската полиција и другите вработени во судовите, согласно член 4 од Законот за судската власт и Законот за Академија за обука на судии и обвинители.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:*

10.2.1 Не е извршен попис на девизната благајна, поради недоследна примена на законската регулатива, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководство на буџети и буџетски корисници и има влијание на можноста за утврдување на усогласеноста на сметководствената со фактичката состојба на 31.12.2005 година.

**Препорака:**

Да се врши попис на благајната согласно законските прописи.

### *10.3. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

10.3.1. За спроведување и реализација на Програмата за едукација за 2005 година со Здружението на судии на РМ - Центар за континуирана едукација, склучен е Договор за доделување на средства од судскиот буџет за стручно усовршување на судиите, државните службеници и другите вработени во судовите, по кој се исплатени финансиски средства за едукација и на други институции, поради усвоената програма од Здружението на судии на РМ - Центар за континуирана едукација, која опфаќа и едукација на претставници на други институции, што е спротивно на член 4 од Законот за судската власт. Истото има влијание на исплата на средства за едукација и на други институции.

10.3.2. Врз основа на финансиските извештаи за начинот на користење на одобрените средства и наративниот извештај во кој сумарно се наведени активности на Здружението на судии на РМ - Центар за континуирана едукација, исплатен е износ од 931 илјада денари за организациони трошоци, кој претставува 30% од реалните трошоци за организирање на едукациите, поради нерегулирана одредба во Договорот за висината и начинот на одредување на учеството на истите во активностите за организирање на едукации, што е во спротивност на член 4 од Законот за судската власт. Истото има влијание на исплата на средства за организациони трошоци, кои точно не се утврдени во договорот.

**Препорака:**

Спроведување и реализација на Програмата за едукација да се врши согласно член 4 од Законот за судската власт, со прецизирање на активностите со Академијата за континуирана едукација за судии и обвинители, формирана во 2006 година и склучување Договор со истата со параметри за искажување на стварните трошоци и реална проценка на трошоците за организирање на активностите за едукации.

### *10.4. Функционирање на интерните контроли:*

10.4.1. Остварувањето на контролниот механизам на Судскиот буџетски совет, односно следење на основната функција за контрола на трошењето на средствата од судскиот буџет е без дефинирани посебни постапки што ќе се применуваат за секоја трансакција во работењето и ќе го претставуваат начинот за функционирање на котролниот механизам за наменското и законското користење на средствата од страна на единките корисниците на судската власт–судовите, согласно членовите 4 и 21 од Законот за извршување на буџетот на РМ за 2005.

Ревизијата врз основа на провека на функционирање на системот на интерни контроли открива недефинирани посебни постапки што треба да се применуваат во работењето на ниво на судска власт, во делот на:

- обезбедување и трошење на финансиски средства за капитални расходи на судовите за 2005 година, без јасно дефинирани посебни постапки за целосна контрола на трошењето на средствата за инвестиции од страна на судовите, согласно постоечката законска регулатива.

- обезбедување и трошење на финансиски средства за стручно усовршување на судиите, државните службеници и други вработени, без јасно дефинирани посебни постапки кои ќе го опфатат трошењето на средствата согласно член 4 од Законот за судскиот буџет.

- изготвувањето и извршувањето на судскиот буџет и изготвување на финансиски планови, согласно одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на буџетите и Законот за судскиот буџет, без јасно дефинирани посебни постапки за истото, кои ќе се применуваат од судскиот буџетски совет и единките корисници-судовите.

- вработувањата и исплатата на платите на ниво на судска власт, согласно Законот за државни службеници, Законот за судовите, Законот за исплата на плати, Законот за извршувањето на буџетите и Колективниот договор, без јасно дефинирани посебни постапки за вработувањата во судската власт, начинот на пресметка и исплата на платите, како и обезбедување на финансиски средства за истото.

- изготвување на документацијата од страна на стручната служба и нејзино евидентирање во сметководствената евиденција на Судскиот буџетски совет и во сметководствената евиденција на единките корисниците – судовите, без воспоставени детални упатства за сметководствените постапки за вршење контрола на деловните промени и нивно книжење, контрола на усогласеноста на евиденциите и верификација на физичкото постоење на средствата.

10.4.2. Со тестовите на контрола ревизијата утврди исклучоци во следење на основната функција на Судскиот буџетски совет - контрола на трошењето на средствата на единките корисници и висок инхерентен ризик од:

- Значаен и долготраен недостаток на вработени со што не може да се реализира основната задача согласно Законот за судскиот буџет, Законот за буџетите и Законот за извршување на буџетот на РМ и Законот за внатрешна ревизија за:

    - контролата на законското и наменското користење на средствата, поради не извршено екипирање на стручната служба, согласно предвидените работни места со Правилникот за организација и систематизација на работни места во Врховниот суд на РМ.
    - вршење внатрешна ревизија, поради именување само еден Независен внатрешен ревизор со голем опфат за контрола во однос на бројот и големината на единките корисници-судовите кои се регистрирани како посебни правни субјекти на ниво на судска власт.

- Од воспоставените контроли на стручната служба за спроведените постапки за набавки во судовите, поради непишани процедури за доставување на дел од документацијата, од која ревизијата го согледа следното:

    - склучени се анекси на договори кои надминуваат 20% од вредноста на основниот договор;

- склучени се договори и анекси во износи кои во моментот на склучување се поголеми од утврдените во решенијата за обезбедување на финансиски средства;
- ангажирани се подизведувачи, за кои не се наведени податоци во доставените записници за јавно отворање на понудите;
- незапазување на утврдените рокови во договорите за извршување на работите, без анекси за извршените измени на договорените рокови;
- исплатено е за уредување на градежно земјиште, без претходно склучен договор, потврда за обезбедени финансиски средства и согласност за пристапување кон склучување договор од Министерство за финансии.

**Препораки:**

1. Стручната служба на Судскиот буџетски совет да изготви итерен акт со пишани процедури (член 11 од Законот за судскиот буџет) и тоа во секој сегмент што опфаќа контролен механизам на спроведување на ниво на судска власт во делот на: обезбедување и трошење на финансиски средства за капитални расходи на судовите; обезбедување и трошење на финансиски средства за стручно усовршување; изготвувањето и извршувањето на судскиот буџет и изготвување на финансиски планови; вработувањата во судската власт, начинот на пресметка, исплата на платите и обезбедување на финансиски средства за истото; изготвување и евидентирање на документацијата во сметководствената евиденција на Судскиот буџетски совет и единките корисници – судовите.

2. За остварување следење на основната функција за контрола на трошењето средствата од судскиот буџет, потребно е да се изврши екипирање на Секторот за судски буџет - стручната служба, согласно предвидените работни места со Правилникот за организација и систематизација на работни места во Врховниот суд на РМ и да се оцени потребата од формирање на соодветна организациона структура на внатрешна ревизија на ниво на судска власт, согласно член 12 од Зконот за внатрешна ревизија во јавниот сектор.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи на Судски буџетски совет- Судска власт за 2005 година, вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиската активност во согласност со важечката законска регултива.

12. Според наше мислење, во Судски буџетски совет- Судска власт за 2005 година остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

**13. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Судскиот буџетски совет во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

13.1. *Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

13.1.1. Позициите Материјални средства во подготовка и Извори на капитални средства во Билансот на состојбата се преценети за износ од 33.491 илјада денари, поради евидентирање во сметководствена евиденција на Судски буџетски совет на инвестиционите активности во основните судови Струга, Прилеп и Крива Паланка, а истите со решенија за отстапување на реализирани градежно инвестициони активности во 2004 и 2005 година доставени од страна на Судскиот буџетски совет до единките корисници - судовите треба да се

евидентираат кај истите. Судскиот буџетски совет треба да врши само трансфер на средствата за инвестиции, а не и евидентирање како материјални средства во Билансот на состојбата.

***14. Известување за преземени мерки од страна на Судскиот буџетски совет по основ на препораките и мерките на ревизијата по Конечниот извештај за 2004 година и тоа:***

14.1. Годишниот извештај за извршување на судскиот буџет за 2005 година е доставен до Министерството за финансии, Владата на РМ и Собранието на РМ, согласно член 18 од Законот за судски буџет и одржана е јавна седница и презентација на буџетот за 2005 година, односно постапено е по препораките за точка 11.1.3. од Конечниот извештај за 2004 година.

14.2. Извршена е измена на годишниот финансиски план, согласно донесените измени со ребаланс на буџетот и одобрените пренамени од Министерството за финансии и Собранието на Република Македонија збирно за Судскиот буџет и по единки корисници, односно постапено е по препораките за точка 11.1.4. од Конечниот извештај за 2004 година.

14.3. Запазени се процедурите пропишани во решенијата и се обезбедува соодветна документација како доказ за извршување на работите при доделување на средства по Годишната програма за инвестирање во судовите и се обезбедува дополнителна документација од спроведените постапки за инвестиции од страна на судовите, односно постапено е по препораките за точка 11.1.5. од Конечниот извештај за 2004 година.

***15. Известување за преземени мерки од страна на Судскиот буџетски совет по основ на препораките и мерките на ревизијата по Конечните извештаи за корисниците на Судскиот буџет - судовите и тоа:***

15.1. Со цел сервисирање на долгот на единките корисници–судовите спрема Институтот за судско вештачење, за судско медицински вештачења од страна на истиот и од страна на лекарите, склучен е договор број 1012/05 од 12.12.2005 година на износ од 5.581 илјада денари, помеѓу претседателот на Судски буџетски совет и Медицински факултет-Институт за судска медицина и криминалистика. Истото е реализирано со потпишување на договори за цесија од страна на судовите, претседателот на СБС и директорот на Медицински факултет-Институт за судска медицина и криминалистика за потврдување и исплата на обврските со средства обезбедени од Судскиот буџетски совет. На тој начин во понатамошната работа судовите не вршат исплати за вештачење, како лични надоместоци на докторите и медицинските лица вработени во Институт за судска медицина и криминалистика и исплата на персонален данок, односно исплатите за вештачење од државни органи се вршат согласно член 234 и 240 од Законот за кривична постапка, односно постапено е по препораките од Конечните извештаи за корисниците на Судскиот буџет – судовите од претходно извршените ревизии.

15.2. Во отсуство на интерен акт за процедури, а согласно решенијата за отстапување на капиталните средства, донесени од страна на Судскиот буџетски совет се регулира постапката за евидентирање на капиталните вложувања во сметководствената евиденција на судовите, со што се врши контрола на одобрените средства за инвестиции, односно постапено е по препораките за точка 11.1.5. од Конечниот извештај на Судскиот буџетски совет за 2004 година и по препораките од Конечните извештаи за корисниците на Судскиот буџет – судовите од претходно извршените ревизии.

## 16. Ревизијата е на мислење дека треба да се обелодени следното:

16.1. Со вработувањето на судските полицајци преку Министерство за правда не се склучени договори за работа кои се регулирани во одредбите од Законот за работни односи. Остварувањето на правата на судската полиција во однос на исплатата на платите и другите надоместоци се регулира со одредбите на Законот за судовите, Законот за работни односи и колективниот договор при што:

- Со буџетот на ниво на судска власт предвидени се средства за исплата на платите за судската полиција поголеми за 20% од платите на работниците со соодветни квалификации во вкупната маса на средства за исплата на плати, а не како посебна категорија согласно член 108 од Законот за судовите. Во масата за исплата на плати не се предвидени средства за исплата на надоместоците на работникот што му припаѓаат како зголемена плата за работа во денови на празници, ноќна работа, прекувремена работа и работа во недела во висина утврдена со колективен договор.

- Платите за судската полиција се исплатуваат преку судовите бидејќи судската полиција е вклучена во систематизацијата на истите. Исплатата на платите во глобала е вршена согласно член 108 од Законот за судовите (освен во случаите на различни основици за примена на процентот на зголемена плата за кои е потребно да се изврши контрола за утврдување на фактичката состојба). На ниво на судска власт (со исклучок на неколку судови) на судската полиција не и се исплатуваат надоместоци за работа во денови на празници, ноќна работа, прекувремена работа и работа во недела.

- Со одредбите од  Законот за работни односи и Колективниот договор е регулирана контрола на остварување правата и обврските од работен однос, односно примената на колективните договори, како и рашавање на спорови и арбитража за истото.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 22.06.2006 година** **Владимир Милојевиќ**

**Судски буџетски совет-Судска власт**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005 година**

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2005** | **2004** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 62,674 | 61,199 |
| **Вкупно приходи** | | **62,674** | **61,199** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 16,764 | 10,766 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **16,764** | **10,766** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.1. | 45,910 | 50,433 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **45,910** | **50,433** |
| **Вкупно расходи** | | **62,674** | **61,199** |

**Судски буџетски совет-Судска власт**
**Средства од буџетот на РМ**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства во подготовка | 4.1.1. | 0 | 33,491 |
| **Вкупно постојани средства** | | **0** | **33,491** |
| **Вкупна актива** | | **0** | **33,491** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.1 | 0 | 33,491 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **0** | **33,491** |
| **Вкупна пасива** | | **0** | **33,491** |

**Судски буџетски совет-Судска власт**
**Средства од буџетот на РМ**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **33,491** | **33,491** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - |
| **Намалување по основ на:** | **33,491** | **33,491** |
| Отпис на капитални средства | | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | - |
| Амортизација | - | - |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 33,491 | |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **-** | **-** |